Бр: 10-133

Скопје:

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр.145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-133 од 10.09.2026 година поднесено од страна на Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, за доделување на планирана регионална помош на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола на седницата одржана на 29.09.2026 година, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

1. Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-133 од 10.09.2026 година поднесено од страна на Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, за доделување на планирана регионална помош на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола, како корисник на државната помош, утврди дека

Мерката

- **Исплата на готовински грант во висина од 13% од износот на оправданите инвестициски трошоци реализирани од корисникот на државната помош, но не повеќе од 1.000.000 (еден милион) евра во денарска противвредност, на годишно ниво, во период помеѓу датумот на почеток (01.04.2026 година) и датумот на завршување (датумот на кој корисникот на државната помош ќе го извести давателот на државната помош дека го реализирал инвестицискиот проект и кој датум не може да биде подоцна од 31.12.2029 година)**

претставува индивидуална помош во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош и претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош при што доделувањето на истата е дозволено.**

Оваа планирана државна помош ќе се пресметува на годишна основа за претходната година.

Мерката

- **Дополнителна исплата на готовински грант во висина од 13% од износот на оправданите инвестициски трошоци реализирани од корисникот на државната помош, но не повеќе од 1.000.000 (еден милион) евра во денарска противвредност, на годишно ниво, во период помеѓу датумот на почеток (01.04.2026 година) и датумот на завршување (датумот на кој корисникот на државната помош ќе го извести давателот на државната помош дека го реализирал инвестицискиот проект и кој датум не може да биде подоцна од 31.12.2029 година) , доколку корисникот на државната помош го задржи или го намали просечниот број на вработени за помалку од 5% во последната година во споредба со просечниот број на вработени во претходните три години и ги зголеми вкупните приходи за повеќе од 5% во последната година во споредба со просечните вкупни приходи во претходните три години**

претставува индивидуална помош во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош и претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош при што доделувањето на истата е дозволено.**

Оваа планирана државна помош ќе се пресметува на годишна основа за претходната година.

Мерката

- **Исплата на 50% од платениот данок на личен доход по основ на плата за вработените ангажирани за првпат од корисникот на државната помош во период помеѓу датумот на почеток (01.04.2026 година) и датумот на завршување (датумот на кој корисникот на државната помош ќе го извести давателот на државната помош дека го реализирал инвестицискиот проект и кој датум не може да биде подоцна од 31.12.2029 година), ангажирани исклучиво за потребите на Инвестицискиот проект опишан во Деловниот план, за кои се исплаќа просечна месечна нето плата повисока за најмалку од 50% од висината на минималната нето плата пропишана со Законот за минимална плата која важела во тој период, за најмногу 2000 (две илјади) вработени, пресметан и платен од корисникот на државната помош во согласност со Законот за данок на личен доход, помеѓу Датумот на почеток и Датумот на завршување**

претставува индивидуална помош во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош и претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош при што доделувањето на истата е дозволено.**

Оваа планирана државна помош ќе се пресметува на годишна основа за претходната година.

Корисникот на државната помош треба да инвестира оправдани инвестициски трошоци во износ од најмалку 6.000.000 (шест милиони) евра во денарска противвредност за инвестицискиот проект до датумот на завршување.

Во согласност со Деловниот план, Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола планира да оствари инвестициски активности кои ќе вклучат набавка на нови машини, опрема и софтвери, како и значително зголемување на бројот на вработени со планирани 2000 (две илјади) вработувања.

Корисникот на помошта се обврзува да ја одржува инвестицијата, односно средствата (објекти, машини, опрема) во производна, оперативна и употреблива состојба (т.е нема да ја намали вредноста на средствата) во период од најмалку 5 години од датумот на завршување на инвестицискиот проект. Доколку корисникот на државната помош не ја одржи инвестицијата, треба да го врати целиот износ на државна помош добиена согласно Договорот за државна помош заедно со казнената каматна стапка пресметана во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија, за периодот почнувајќи од првата направена исплата од давателот на државната помош на корисникот на државната помош, сé до моментот кога корисникот на државната помош ќе го врати вкупниот добиен износ на сметката на давателот на државната помош.

Доколку корисникот на државната помош не го исполни условот да инвестира оправдани инвестициски трошоци во износ од најмалку 6.000.000 евра во денарска противвредност за инвестицискиот проект до датумот на завршување, истиот нема да има право на државна помош согласно Договорот за државна помош, односно корисникот ќе го врати целиот износ на државна помош добиена согласно Договорот за државна помош заедно со казнената каматна стапка пресметана во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија, за периодот почнувајќи од првата направена исплата од давателот на државната помош на корисникот на државната помош, сé до моментот кога корисникот на државната помош ќе го врати вкупниот добиен износ на сметката на давателот на државната помош.

Корисникот на помошта ќе финансира најмалку 25% од оправданите инвестициски трошоци за инвестицискиот проект од сопствени извори или со финансирање од трета страна во форма која не претставува државна помош според Законот за контрола на државна помош.

Кумулативната регионална државна помош за инвестицискиот проект не може да биде поголема од 50% од потврдениот износ на сите оправдани инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување, вклучувајќи ги и оправданите инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување што го надминуваат минималниот договорен износ за инвестицијата, од 6.000.000 милиони евра како оправдани инвестициски трошоци.

2. Се задолжува Владата на Република Северна Македонија – Генерален Секретаријат, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави копија од склучен (потпишан) Договор за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош и КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола како прима̀тел на државна помош.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија„ и на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош, е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош достави Известување за планирано доделување на помош и Известување за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола, со адреса: Ул. А бр.Индустриска Зона -Жабени, ЖАБЕНИ, БИТОЛА, Република Северна Македонија, бр. 10-133 од 10.09.2026 година (во натамошниот текст: известувања), Предлог договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола (непотпишан) (во натамошниот текст: Предлог договор), Писмо за намери за инвестиција со Деловен план за инвестициски проект и податоци за деловниот субјект бр.15-41/1 од 08.04.2026 година, Дополнување и специфицирање кон писмото за намери со Ажуриран деловен план за инвестициски проект и податоци за деловниот субјект арх.бр. 15-4665/1 од 20.05.2026 година.

Со оглед на фактот дека поднесените известувања ги содржат потребните податоци за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како ден на прием на уредно известување се смета 10.09.2026 година.

КЗК во законски предвидениот рок ги испита доставените известувања и Предлог договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола (непотпишан од договорените страни) и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Владата на Република Северна Македонија,.
- **Корисник на државната помош е** Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола со седиште на адреса: Ул. А Бр.Индустриска Зона-Жабени, ЖАБЕНИ, БИТОЛА, Република Северна Македонија,
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта–Предлог договорот за доделување на

државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин следните четири критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Оттука, при испитување на мерките содржани во доставените известувања, КЗК ги анализираше од аспект на тоа дали истите ги исполнуваат горенаведените четири кумулативни критериуми. При ваквата анализа КЗК утврди дека:

- Мерката**: Исплата на готовински грант во висина од 13% од износот на оправданите инвестициски трошоци реализирани од корисникот на државната помош, но не повеќе од 1.000.000 (еден милион) евра во денарска противвредност, на годишно ниво, во период помеѓу датумот на почеток (01.04.2026 година) и датумот на завршување (датумот на кој корисникот на државната помош ќе го извести давателот на државната помош дека го реализирал инвестицискиот проект и кој датум не може да биде подоцна од 31.12.2029 година)**

предвидена во член 4 од Предлог договорот за доделување на државна помош **претставува државна помош,** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола.
- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола, се стават во незавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила. На овој начин, со доделувањето на државна помош за оваа мерка, Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;
- Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ &

ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола и неговото производство на електрична и електронска опрема за моторни возила, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека ќе оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола.

КЗК, освен што утврди дека горенаведената мерка претставува државна помош, исто така утврди дека ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила, претставува **регионална помош** согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош бидејќи истата е во согласност со целите на регионалната политика на Република Северна Македонија **за поддржување на продуктивни почетни инвестиции или отворање на работни места поврзани со инвестициите**.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помоштa утврдува дали доделувањето на помоштa се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13).

Давателот на државната помош ќе ја исплаќа оваа државна помош на корисникот на државната помош во рок од 60 (шеесет) дена од денот на приемот на барањето за исплата од давателот на државната помош, само под услов корисникот на државната помош да ги поднел сите потребни документи наведени во Предлог договорот.

- Мерката**: Дополнителна исплата на готовински грант во висина од 13% од износот на оправданите инвестициски трошоци реализирани од корисникот на државната помош, но не повеќе од 1.000.000 (еден милион) евра во денарска противвредност, на годишно ниво, во период помеѓу датумот на почеток (01.04.2026 година) и датумот на завршување (датумот на кој корисникот на државната помош ќе го извести давателот на државната помош дека го реализирал инвестицискиот проект и кој датум не може да биде подоцна од 31.12.2029 година) , доколку корисникот на државната помош го задржи или го намали просечниот број на вработени за помалку од 5% во последната година во споредба со просечниот број на вработени во претходните три години и ги зголеми вкупните приходи за повеќе од 5% во последната година во споредба со просечните вкупни приходи во претходните три години**

предвидена во член 4 од Предлог договорот за доделување на државна помош **претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола.

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола, се стават во незавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила. На овој начин, со доделувањето на државна помош за оваа мерка, Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

- Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола и неговото производство на електрична и електронска опрема за моторни возила, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека ќе оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола.

КЗК, освен што утврди дека горенаведената мерка претставува државна помош, исто така утврди дека ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила претставува **регионална помош** согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош бидејќи истата е во согласност со целите на регионалната политика на Република Северна Македонија **за поддржување на продуктивни почетни инвестиции или отворање на работни места поврзани со инвестициите**.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош.

Давателот на државната помош ќе ја исплаќа оваа државна помош на корисникот на државната помош во рок од 60 (шеесет) дена од денот на приемот на барањето за

исплата од давателот на државната помош, само под услов корисникот на државната помош да ги поднел сите потребни документи наведени во Предлог договорот.

- Мерката: **Исплата на 50% од платениот данок на личен доход по основ на плата за вработените ангажирани за првпат од корисникот на државната помош во период помеѓу датумот на почеток (01.04.2026 година) и датумот на завршување(датумот на кој корисникот на државната помош ќе го извести давателот на државната помош дека го реализирал инвестицискиот проект и кој датум не може да биде подоцна од 31.12.2029 година), ангажирани исклучиво за потребите на Инвестицискиот проект опишан во Деловниот план, за кои се исплаќа просечна месечна нето плата повисока за најмалку од 50% од висината на минималната нето плата пропишана со Законот за минимална плата која важела во тој период, за најмногу 2000 (две илјади) вработени, пресметан и платен од корисникот на државната помош во согласност со Законот за данок на личен доход, помеѓу Датумот на почеток и Датумот на завршување**

предвидена во член 4 од Предлог договорот за доделување на државна помош **претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола.

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола, се стават во незавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила. На овој начин, со доделувањето на државна помош за оваа мерка, Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

- Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола и неговото производство на електрична и електронска опрема за моторни возила, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека ќе оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие

Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола.

КЗК, освен што утврди дека горенаведената мерка претставува државна помош, исто така утврди дека ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила претставува **регионална помош** согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош бидејќи истата е во согласност со целите на регионалната политика на Република Северна Македонија **за поддржување на продуктивни почетни инвестиции или отворање на работни места поврзани со инвестициите**.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

Давателот на државната помош ќе ја исплаќа оваа државна помош на корисникот на државната помош во рок од 60 (шеесет) дена од денот на приемот на барањето за исплата од давателот на државната помош, само под услов корисникот на државната помош да ги поднел сите потребни документи наведени во Предлог договорот.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помоштa утврдува дали доделувањето на помоштa се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош.

Корисникот на државната помош треба да инвестира оправдани инвестициски трошоци во износ од најмалку 6.000.000 (шест милиони) евра во денарска противвредност за инвестицискиот проект до датумот на завршување. Доколку корисникот на државната помош не го исполни условот да инвестира оправдани инвестициски трошоци во износ од најмалку 6.000.000 евра во денарска противвредност за инвестицискиот проект до датумот на завршување, истиот нема да има право на државна помош согласно Договорот за државна помош.

Износот на оправданите инвестициски трошоци ќе се пресметува врз основа на официјални документи во писмена форма (договори за набавка, договори за купопродажба/градба, фактури, царински документи, изводи од банка, и.т.н) со кои се потврдуваат инвестициските трошоци направени од корисникот на државната помош.

Во согласност со Деловниот план, Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА БТ ДООЕЛ Битола планира да вработи најмногу 2000 (две илјади) луѓе во периодот помеѓу датумот на почеток и датумот на завршување.

Корисникот на помоштa се обврзува да ја одржува инвестицијата, односно средствата (објекти, машини, опрема) во производна, оперативна и употреблива состојба (т.е нема да ја намали вредноста на средствата) во период од најмалку 5 години од датумот на завршување на инвестицискиот проект. Доколку корисникот на државната помош не ја одржи инвестицијата, треба да го врати целиот износ на државна помош добиена согласно Договорот за државна помош заедно со казнената каматната стапка пресметана во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија, за периодот почнувајќи од првата направена исплата од давателот на државната помош на корисникот на државната помош, сé до моментот кога корисникот на државната помош ќе го врати вкупниот добиен износ на сметката на давателот на државната помош.

Корисникот на помошта ќе финансира најмалку 25% од оправданите инвестициски трошоци за инвестицискиот проект од сопствени извори или со финансирање од трета страна во форма која не претставува државна помош според Законот за контрола на државна помош.

Кумулативната регионална државна помош за инвестицискиот проект не може да биде поголема од 50% од потврдениот износ на сите оправдани инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување, вклучувајќи ги и оправданите инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување што го надминуваат минималниот договорен износ за инвестицијата, од 6.000.000 милиони евра како оправдани инвестициски трошоци.

Секоја индивидуална помош предвидена со Предлог договорот ќе се доделува само доколку корисникот достави комплетна документација согласно Договорот со која се докажува дека се исполнети договорените услови.

Заради горенаведеното, КЗК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука:Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога КЗК ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

М-р Малинка Силјановска-Николиќ